Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-553/4
18-11-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08 - 553/1 од 12.08.2024 година, поднесена од [redacted] со седиште на [redacted] Скопје, против Општина Карбинци, за заштита од дискриминација врз основа на национална и етничка припадност и јазик во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020) на ден 7.11.2024 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на јазик во областа на правосудство и управа од страна на Општина Карбинци кон жителите на турската етничка припадност во Општина Карбинци.

### Образложение

На ден 12.8.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација („**Комисијата**") беше поднесена претставка од страна на [redacted] („**Сојузот**") против Општина Карбинци за заштита од дискриминација врз основа на национална и етничка припадност и јазик во областа на правосудство и управа.

Според наводите од претставката, во Општина Карбинци, од вкупно 3420 жители, 2159 се од македонска етничка припадност, 857, односно 25,05% од жителите, се од турска етничка припадност и 15 жители се од ромска етничка припадност.

Во претставката се наведува дека на граѓаните чија бројка изнесува над 20% во одредена општина, согласно Уставот и релевантните закони на Република Северна Македонија, им следуваат одредени права кои општинската администрација е должна да им ги овозможи. . Во таа насока, подносителите наведуваат дека Општина Карбинци не ја исполнува уставната обврска од Амандман VI од Уставот, која предвидува соодветна и правична застапеност на граѓаните согласно процентот од вкупното население во општината.

Имено, подносителите истакнуваат дека во општинската администрација на Општина Карбинци нема ниту еден вработен од турска етничка припадност. Од таа причина, тие се обратиле со прашање до Општина Карбинци во насока на тоа да добијат информации во врска со тоа колку од вработените се од турска етничка припадност. Општината по ова прашање одговорила дека не може да даде информации во однос на тоа колку од вработените се од турска националност. Се наведува дека според последниот извештај на Народниот правобранител, во Општина Карбинци нема ниту еден вработен од турска етничка припадност, поточно од вкупно 12 вработени, 11 се од македонска етничка припадност, а едно лице од влашка етничка припадност. Се наведува дека ваквата пракса е поразителна за 25,05% население од турска етничка припадност кое живее и ги плаќа сите јавни давачки кон општината. Дополнително, ваквата пракса ги става сите граѓани од турска етничка припадност во нееднаква положба во однос на другите заедници и се руши достоинството на втората по големина заедница во Општина Карбинци. Во таа насока, се потенцира и дека на жителите од турската етничка припадност им се повредува правото на работа, уставните права во однос на другите малцинства, правото на квалитетен сервис на институцијата и

слично. Дополнително, се наведува дека ваквото делување е спротивно на член 14 од Европската конвенција за човекови права, член 9 и член 32 од Уставот на Република Северна Македонија и член 6 од Законот за работните односи.

Од Сојузот понатаму наведуваат дека Општина Карбинци не ги исполнува во целост ниту обврските кои произлегуваат во однос на употребата на јазиците на граѓаните кои претставуваат повеќе од 20 проценти од вкупното население во одредена општина или локална самоуправа. Имено, согласно член 1 став 4 од Законот за употреба на јазиците, предвидено е дека во единиците на локалната самоуправа како службен јазик се смета и јазикот и писмото што го користат најмалку 20 проценти од жителите. Следствено, согласно пописот од 2021 година, сметаат дека и турскиот јазик треба да е службен јазик во Општина Карбинци, покрај македонскиот.
Во контекст на ова тврдење, се наведува дека општинската администрација ја нема преведено официјалната веб-страна на турски јазик. Иако истата во моментот на поднесувањето на претставката не била функционална, до 7-ми јули немало ниту една објава која била преведена на турски јазик. Во таа насока, се изнесува и дека на официјалната Фејсбук страница на Општината, ниту една објава или новост не биле преведени на турски јазик. Покрај ова, и материјалите на седниците на Советот, јавните документи, огласи и новости објавени од страна на Општината, не се преведувале на турски јазик, а дополнително и називите на институциите и канцелариите, таблите и огласните табли не биле напишани на турски јазик. Сметаат дека ваквата состојба ги става граѓаните од турската етничка припадност кои живеат во оваа општина во подредена, непријателска и омаловажувачка состојба во однос на мнозинското население.

Во прилог на претставката беше приложен Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер од Општина Карбинци, со архивски број 10-938/2.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 13.9.2024 година испрати Барање за произнесување по наводите од претставката со бр. 08-553/2 до Општина Карбинци.

На ден 25.10.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено произнесување од страна на Општина Карбинци како одговор на претставката, заведено под бр. 08-553/3.

**Во однос на соодветната и правична застапеност на вработените во општинската администрација**, во произнесувањето се наведува дека во општинската администрација на Општина Карбинци има вкупно 12 вработени. Видно од доставениот табеларен приказ според национална припадност, од вкупниот број на вработени во Општината, 9 се од македонска националност, двајца од турска националност и една вработена од влашка етничка припадност.

Од Општината објаснуваат дека вработувањата во општинската администрација се започнати од 1997 година, согласно важечките законски прописи во тој момент, а најголем дел од извршителите биле вработени согласно Законот за административни службеници, преку спроведување на постапка преку Агенцијата за администрација, за што досега немало никакви забелешки од страна на надлежните државни органи при вршењето на редовни контроли. Потенцираат дека Општина Карбинци не постои од пописот во 2021 година, за да може веднаш да се исполнат условите за правична застапеност на заедниците согласно резултатите од пописот. Се наведува дека потребите за вработување на извршители во општинската администрација не се дефинирани од национална припадност или нечии


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

желби, туку од реалните потреби и расположливите финансиски средства во општинскиот буџет.

Меѓутоа, и покрај ова, тие истакнуваат дека согласно со времената мерка донесена од Уставниот суд, додека не се донесе конечна одлука за актите оспорени од Државната комисија за спречување корупција, не може да се применуваат следните одредби:

- член 19 став 1 алинеја 1 во делот „припадност на заедница" од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 302/20);
- член 36 став 1 алинеја 1 во делот „и припадност на заедница" од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/20 и 99/20);
- член 2 став 1 алинеја 8 и член 3 алинеја 1 во делот „припадност на заедница" од Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор бр. 12/1-42/4 од 27.02.2015 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 34/15);
- член 2 став 2 и 3 од Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор бр. 12/1-42/4 од 27.02.2015 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 34/15) и
- член 3 став 1 алинеја 8 од Правилникот за формата и содржината на регистарот на вработените во јавниот сектор, начинот на неговото водење, начинот на пристап, користење, обработка на податоците, како и начинот на обезбедување одгворност за веродостојноста и безбедноста на податоците бр. 14/2-2766/3 од 29.08.2014 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 132/2014).

Во однос на поставеното прашање до Општината за добивање на информации во однос на тоа колку од вработените во Општина Карбинци се припадници на турската етничка заедница, во произнесувањето е наведено дека бил даден соодветен одговор и доколку подносителот на претставката не бил задоволен од истиот, имал можност да побара правна заштита согласно Законот за пристап до јавни информации. Како доказ за тврдењето истакнуваат дека подносителот на претставката во наводите навел дека во општинската администрација нема вработено ниту еден припадник од турска национална припадност, што е различно од користениот термин во барањето за пристап до информации од јавен карактер кое гласело „колку вработени имате во Општина Карбинци и тоа колку се од турска етничка заедница?".

**Во однос на функционалноста на официјалната веб-страница на Општина Карбинци**, наведено е дека истата е функционална и редовно се ажурираат податоците. Во таа насока, се наведува и дека поради вклученоста на Општина Карбинци во проект на USAID за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, транспарентноста на веб-страницата се зголемила за 35 поени, со што сега Општина Карбинци се вбројува во општини со висока транспарентност.

**Во однос на употребата на турскиот јазик како службен јазик во Општина Карбинци**, наведуваат дека од причина што Општина Карбинци не постои од пописот од 2021 година, потребно е време за да се вградат резултатите од пописот во статутот и другите акти, а

особено во Правилникот за систематизација на работни места во општинската администрација на Општина Карбинци преку предвидување на соодветни работни места. Постапката била започната со формирање на Комисија за подготовка на функционална анализа како прв чекор од измената на актите за систематизација на работните места. Општина Карбинци согласно расположливите финансиски средства започнала со имплементација на резултатите од пописот од 2021 година најпрво преку измена на актите за систематизација, со цел да се вработат соодветни преведувачи и да се имплементира Законот за употреба на јазиците, а не да се ангажираат преведувачи со договор на дело или од приватни агенции за времени вработувања.

Понатаму во произнесувањето се наведува дека Општина Карбинци, како единица на локална самоуправа, има за цел подобрување на условите за живеење на населението од турска етничка припадност. Се потенцира дека поради тоа што населението од турска етничка припадност живее на 7 населени места од реонот на планината Плачковица, Општината работи кон тоа да се елиминира дискриминацијата во однос на правото до образование, поточно во сите населени места постојат подрачни основни училишта кои функционираат и покрај нерентабилноста со оглед на малиот број на ученици. Дополнително, биле изградени пристапни патишта од регионалниот пат Штип – Планина Плачковица Р2334 до сите населени места, улици со мостови во поголемите населени места – Прналија и Кучица, а во однос на правото на снабдување на квалитетна вода за пиење биле изградени водоводи во сите населени места и во моментот на поднесување на поднесокот за произнесување, во изградба бил регионален водоводен систем Плачковица со доизградба на локални мрежи во 2 населени места со број на жители над 20. Во однос на правото на одведување на урбани отпадни води, била изградена фекална канализациона мрежа во најголемото село Кучица, во кое живее население од турска етничка припадност, а во однос на правото на живеење во здрава и незагадена животна средина преку собирање и изнесување на комуналниот отпад, набавено било ново специјално возило за комунален отпад со вклучување на населените места од реонот на планината Плачковица населено од население од турска националност.

Дополнително наведуваат дека на територијата на општина Карбинци постои само едно здружение на граѓани чии основачи се жители од турска етничка припадност-[redacted] Карбинци. Истакнуваат дека активностите на здружението се финансиски помогнати од општинскиот буџет, согласно расположливите финансиски средства. Досега, од здружението немало никакви приговори или претставки против Општината.

По увид во наводите од претставката и произнесувањето по неа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Во Општина Карбинци живеат вкупно 3420 жители, од кои 2159 се од македонска етничка припадност, 857 се од турска етничка припадност и 15 жители се од ромска етничка припадност. Изразено во проценти, 25,05% од жителите на Општина Карбинци се Турци.
Во општинската администрација, пак, има вкупно 12 вработени. Видно од доставениот табеларен приказ од Општина Карбинци, од вкупниот број на вработени во Општината, 9 се од македонска националност, двајца се од турска националност и една вработена од влашка етничка припадност. Процентуално, тоа значи дека вработените кои се припадници на турската етничка заедница претставуваат околу 20% од вкупниот број на вработени во Општина Карбинци,

Во однос на употребата на турскиот јазик како службен јазик во Општина Карбинци, во Општината нема вработено преведувач на турски јазик, со што материјалите на седниците на Советот, јавните документи, огласите и другите акти и објави на Општината не се


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

преведуваат на турски јазик. Дополнително, називите на институциите и канцелариите, таблите и огласните табли исто така не се напишани и на турски јазик.

Во оваа насока, согласно со **член 1 став 4 од Законот за употреба на јазиците**:
*„Во единиците на локалната самоуправа јазикот и писмото што го користат најмалку 20% од граѓаните е службен јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо."*

**Член 7 од Законот за употреба на јазиците** гласи:
*„ (1) Називите на институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) од овој закон, како и сите други институции и нивните подрачни единици во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и во Скопје, ќе се напишат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо како и на англиски јазик. Називите ќе бидат со иста големина и фонт, при што називот на македонски јазик и писмо ќе биде напишан прв.*
*(2) Во подрачните канцеларии на органите од државната администрација кои покриваат најмалку една единица на локална самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат јазик различен од македонскиот, називите на канцелариите ќе се напишат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.*
*(3) Печатите на институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) од овој закон и сите други институции со седиште во Скопје или во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, се испишани на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.*
*(4) Институциите од ставот 1 на овој член ќе овозможат и придонесат во работата ефективно да се користат, употребуваат и применат македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо. "*

Согласно со **член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација**:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други."*

Со **член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** *„се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група,* ***јазик****, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа."*

Имено, видно од доставениот табеларен приказ, во Општина Карбинци се вработени вкупно 12 лица, од кои 2 лица се од турска етничка припадност, што претставува околу 20% од вкупниот број вработени, со што се исполнува законски пропишаниот услов за вработување на лица од етничка припадност која претставува повеќе од 20% од вкупното население во таа општина. Во овој контекст, Комисијата не утврди дискриминација сторена од страна на Општина Карбинци кон жителите припадници на турската етничка припадност во однос на вработувањата во општинската администрација.

Во однос на употребата на турскиот јазик како службен јазик во Општина Карбинци, обврска што произлегува од член 1 став 4 од Законот за употреба на јазиците, а имајќи предвид дека населението од турска етничка припадност изнесува над 20% од вкупното население во Општина Карбинци, Комисијата констатира дека Општината не ја исполнува својата законска обврска. Во оваа смисла, називите на институциите, називите на подрачните канцеларии на органите од државната администрација и печатите на институциите во Општина Карбинци сѐ уште не се напишани на турски јазик. Иако Општина Карбинци се произнесе со тврдење дека, согласно расположливите финансиски средства, започнала со имплементација на резултатите од пописот од 2021 година најпрво преку измена на актите за систематизација, со цел да се вработат соодветни преведувачи и да се имплементира Законот за употреба на јазиците, Комисијата констатира дека сѐ уште не е овозможено во работата ефективно да се користи, употребува и применува турскиот јазик.
Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај е сторена директна дискриминација врз основа на јазик од страна на Општина Карбинци врз жителите припадници на турската етничка припадност во Општина Карбинци.

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Општина Карбинци во рок од 6 месеци да ја усогласи својата работа со Законот за употреба на јазиците и да ги преведе сите документи, називи на институции, називи на подрачни канцеларии на органите од државната администрација и печатите на институциите на турски јазик, како и да овозможи во работата ефективно да се користи, употребува и применува турскиот јазик.

Доколку Општина Карбинци не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
18.11.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
Скопје
- Општина Карбинци, с. Карбинци бб, 2207